РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 02-283/2
8.2.2024 година
Скопје

# СООПШТЕНИЕ

**во врска со Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

Ректорската управа ја информира јавноста дека на вонредната седница, одржана на 8.2.2024 година, на која се раправаше за Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје, ги донесе следниве

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е на сила, во правниот промет се применува од 1 јануари 2024 година, **не е откажан, ниту укинат или поништен, и е задолжителен за работодавачот и работниците во чие име е склучен.**
2. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со особена грижа за положбата на своите вработени и за остварувањето на нивните права од работен однос, констатира дека се целосно неосновани и незаконски наводите на Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика, **во врска со полноважноста на поединечниот Колективен договор на УКИМ,** со незаконско тврдење дека не е регистриран во Регистарот на колективни договори, кој го води Министерството за труд и социјална политика. Имено, според член 231, став 1 од Законот за работните односи, **регистрирање е задолжително за општи и гранкови колективни договори, а не и за поединечни колективни договори, каков што е Колективниот договор на УКИМ, за кои според став 3 од истиот член е потребно само известување до Министерството за труд и социјална политика.**
3. Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје констатира дека **државата не ги почитува актите кои таа сама ги носи,** што е во спротивност со принципите на владеење на правото и правната сигурност.
4. **Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Синдикатот на Сојузот на синдикати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бараат итна средба во рок од три дена со премиерот Талат Џафери, кој, инаку, е и потписник на Колективниот договор на УКИМ.**
5. **Вработените на Универзитетот и Синдикатот ќе преземат соодветни мерки за заштита и остварување на своите права, загарантирани со Уставот и законите.**

За непочитувањето на Колективниот договор на УКИМ, со допис од 5.2.2024 година, известени се следниве институции: Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Ректорска управа**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

## Потписи во прилог на СООПШТЕНИЕТО во врска со Колективниот договор на УКИМ

**Вонредна седница** **8.2.2024 година**

| | Ректорска управа | ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | |
| 2 | Проф. д-р Соња Топузовска, проректор | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | |
| 3 | Проф. д-р Александар Скепаровски, проректор | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | |
| 4 | Проф. д-р Валентина Гечевска, проректор | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | |
| 5 | Проф. д-р Лазо Пендовски, проректор | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | |
| 6 | Проф. д-р Огнен Марина, декан | Архитектонски факултет | |
| 7 | Проф. д-р Горан Марковски, декан | Градежен факултет | |
| 8 | Проф. д-р Владимир Атанасовски, декан | Факултет за електротехника и информациски технологии | |
| 9 | Проф. д-р Златко Петрески, декан | Машински факултет | |
| 10 | Проф. д-р Стефан Кувенциев, декан | Технолошко-металуршки факултет | |
| 11 | Проф. д-р Даворин Трпески, декан | Природно-математички факултет | |
| 12 | Проф. д-р Предраг Трпески, декан | Економски факултет | |
| 13 | Проф. д-р Сашо Георгиевски, декан | Правен факултет „Јустинијан Први" | |
| 14 | Проф. д-р Ратко Дуев, декан | Филозофски факултет | |
| 15 | Проф. д-р Владимир Мартиновски, декан | Филолошки факултет „Блаже Конески" | |
| 16 | Проф. д-р Биљана Камчевска, декан | Педагошки факултет „Климент Охридски" | |
| 17 | Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, декан | Факултет за земјоделски науки и храна | |
| 18 | Проф. д-р Кирил Сотировски, декан | Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ | |
| 19 | Проф. д-р Деан Јанкулоски, декан | Факултет за ветеринарна медицина | |
| 20 | Проф. д-р Светозар Антовиќ, декан | Медицински факултет | |
| 21 | Проф. д-р Ќиро Ивановски, декан | Стоматолошки факултет | |
| 22 | Проф. д-р Зоран Стерјев, декан | Фармацевтски факултет | |
| 23 | Проф. д-р Влатко Неделковски, декан | Факултет за физичко образование, спорт и здравје | |
| 24 | Проф. м-р Дарија Андовска, декан | Факултет за музичка уметност | |
| 25 | Проф. м-р Бесфорт Идризи, декан | Факултет за драмски уметности | |
| 26 | Проф. д-р Славица Јанешлиева, декан | Факултет за ликовни уметности | |
| 27 | Проф. д-р Ѓорги Груевски, декан | Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер | |
| 28 | Проф. д-р Боро Јакимовски, декан | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | |
| 29 | Проф. д-р Бојана Наумовска, директор | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања | |
| 30 | Проф. д-р Влатко Шешов, директор | Институт за земјотресно инженерство и инженер.сеиз | |
| 31 | Проф. д-р Зоран Јаневски, директор | Економски институт | |
| 32 | Проф. д-р Виктор Ѓамовски, директор | Земјоделски институт | |
| 33 | Проф. д-р Никола Пациновски, директор | Институт за сточарство и рибарство | |
| 34 | Александар Николовски, претседател на УСС | Универзитетско студентско собрание | |